Сања Јов. Данију
06.03.26

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ

| Примено: | 05-03-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1295/1 | | |

# WebMail

sanja.jovanovic@adsdp.mk | Help | Log Out

Mail Addresses Options

Mail Accounts

Choose an Action

Find Emails

Advanced Search White List

- Inbox 28
- Drafts
- Sent Items
- Trash 2

My Mail Folders

- Junk E-mail
- Spam 1

Capacity

1.2 GB / 2.0 GB

<< Back to Inbox

## Барање за официјална информација за статус и рокови – КП 830/1 КО Канатларци (Имотен лист 99)

From: Cem Demiroski [dzemdemiroski@gmail.com]
Date: 05/03/2026 11:49
To: <sanja.jovanovic@adsdp.mk>
Cc:

- Reply
- Reply All
- Forward
- Flag
- Delete
- Add Contacts
- Create Community
- Filter Junk Mail
- Show All Headers
- Print View

Почитувани,

Јас, [redacted]
тел: [redacted]
e-mail: [redacted]**@gmail.com**,

во врска со постапката за државниот објект и земјиште на **КП 830/1, КО Канатларци, Општина Прилеп (Имотен лист 99)**, Ве молам да ми доставите официјална информација за статусот и роковите на предметот.

**1) Контекст – иницирање на постапката**

Интересот за овој имот и целокупната иницијатива за негово ставање во функција ја започнав јас, со поднесување на барања и прибирање документација во периодот **12.2025 – 01.2026**, при што се обраќав и доставував документи до повеќе институции, меѓу кои:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- ЈП за стопанисување со пасишта,
- Општина Прилеп,
- Агенција за катастар на недвижности (вклучително и историски преглед),
- АДСДП Прилеп и АДСДП Скопје.

Целта на ова е исклучиво да укажам дека сум директно засегнат и сериозно заинтересиран за законито и транспарентно завршување на постапката.

**2) Барање за официјални информации**

Ве молам да ми доставите информација за:

1. дали предметот е целосно оформен и заведен во АДСДП,
2. број на предмет (архивски број) и надлежна организациона единица,
3. тековна фаза на постапката (разгледување во Одбор/понатамошно доставување до Влада),
4. очекуван рок за донесување одлука и/или објава на јавен оглас/електронско наддавање,
5. начинот на кој заинтересираните лица ќе бидат известени за јавниот повик.

Дополнително, Ве молам за навремено писмено известување за сите следни чекори, со оглед дека на терен постои интерес од повеќе лица, а мојата цел е постапката да се спроведе транспарентно и согласно закон.

Мојата намера е објектот да се стави во функција преку реновирање со сопствени средства и отворање маркет за потребите на локалното население.

Со почит,

Reply to Sender | Cancel

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 03-1295/5 | | 31-03-2026 |

До:
[redacted]

**Предмет:** Доставување одговор по Барање информација согласно закокот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-1295/1 од 06.03.2026 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019)во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-1295/4 | | 31-03-2026 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-1295/1 од 06.03.2026 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-1295/1 од 06.03.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на статус и рокови на предмет во врска со постапка за државен објект и земјиште на КП бр.830/1, КО Канатларци, Општина Прилеп

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-1295/1 од .06.03.2026 година за пристап до Информации од јавен карактер, а се однесува на статус и рокови на предмет во врска со постапка за државен објект и земјиште на КП бр.830/1, КО Канатларци, Општина Прилеп
согласно информациите добиени од Сектор за стопанисување со станбен и деловен простор Ви го доставуваме следниот одговор:

За решавање на конкретниот предмет, потребно е Одборот на директори на АДИССДП и Владата на РСМ да донесат одлука за трајно користење на деловниот простор. Во таа насока, Секторот за стопанисување со станбен и деловен простор изготви предлог-одлуки, кои беа доставени до Секторот за правни и општи работи за да бидат вклучени во дневниот ред на следниот состанок на Одборот на директори.

Следствено, постапката е во тек, и штом ја добиеме одлуката на Владата на РСМ, веднаш ќе ја проследиме до Подружница Прилеп за натамошно постапување.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
Сања Јовановиќ Дамјановска